СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТ... МАКЕДОНИЈА

2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Среда, 30 јули 1975
Скопје
Број 28 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

339.

Врз основа на член 376, став 2 од Уставот на СРМ, Претседателството на СРМ, на седницата од 14 јули 1975 година, донесе

## ДЕЛОВНИК

### НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I. УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој деловник се утврдува начинот на работа и организацијата на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија (во натамошниот текст: Претседателство) и на неговите работни тела, начинот на остварување на правата и должностите на претседателот и на членовите на Претседателството, односите и соработката со другите органи и организации, постапката за донесување на акти од Претседателството, начелата на организацијата на Службата на Претседателството, како и други прашања во врска со организирањето и работата на Претседателството.

Ако некое прашање во врска со работата и организацијата на Претседателството и неговите работни тела не е утврдено со овој деловник, тоа се уредува со заклучок или со одлука на Претседателството.

Член 2

Претседателството ги врши своите права и должности врз основа и во рамките на Уставот и законите.

Член 3

Претседателството работи врз принципот на постојано работење, а седници одржува по потреба.

Член 4

Претседателството има свој печат.

Печатот на Претседателството има тркалезна форма. Во средината на печатот е грбот на Социјалистичка Република Македонија, а околу него е натписот: „Претседателство на Социјалистичка Република Македонија — Скопје".

### II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО

Член 5

Членовите на Претседателството освен правата и должностите утврдени со Уставот на СРМ и законите, имаат права и должности утврдени и со овој деловник.

Член 6

Членовите на Претседателството имаат право и должност да присуствуваат на седниците на Претседателството и на седниците на работните тела на Претседателството чии членови се и да учествуваат во нивната работа и во одлучувањето.

Членовите на Претседателството имаат право да учествуваат во работата на работните тела на Претседателството и кога не се членови на тие тела.

Член 7

Заради остварување на своите права и должности членовите на Претседателството постојано и редовно се известуваат за општествено-економските и политичките прашања од општо значење за Републиката од надлежност на Собранието на СРМ, за прашањата од областа на народната одбрана, државната безбедност и надворешната политика, соработката со другите социјалистички републики и социјалистички автономни покраини, остварувањето на рамноправноста на народите и народностите и усогласувањето на заедничките интереси на социјалистичките републики и автономните покраини во органите на федерацијата, за прашањата по кои Соборот на републиките и покраините одлучува во согласност со собранијата на социјалистичките републики и автономните покраини, како и за другите прашања од општо-политичко значење.

Членовите на Претседателството имаат право да бараат известувања и објаснувања и за други прашања кога тоа им е потребно за вршењето на правата и должностите на член на Претседателството.

Известувањата, информативните и документациски материјали за потребите на членовите на Претседателството ги обезбедува Службата на Претседателството непосредно или преку соодветните републички органи и организации.

Член 8

Членовите на Претседателството имаат право да даваат иницијатива за разгледување на одделни прашања на седниците на Претседателството и да предлагаат внесување на одделни прашања во дневниот ред на седницата.

Член 9

Членовите на Претседателството со имунитетските права се здобиваат од денот на изборот и ги користат до истекот на мандатот или до разрешувањето.

Претседателот на ЦК на СКМ во функцијата член на Претседателството, со имунитетските права се здобива од денот на изборот на претседателот и другите членови на Претседателството во првиот состав.

Претседателот на ЦК на СКМ се здобива со имунитетските права од денот на стапувањето на функцијата член на Претседателството и ги користи до престанокот на вршењето на таа функција.

Член 10

Членовите на Претседателството го остваруваат правото на надоместок на личниот доход и другите права по основ на трудот согласно со прописите и општествените договори.

Член 11

На членовите на Претседателството им се издава посебна легитимација.

Покрај податоците за идентитетот на член на Претседателството, легитимацијата содржи и краток извод за имунитетските и другите права на членот на Претседателството што тој може да ги оствари со легитимацијата.

Легитимациите на членовите на Претседателството им ги издава претседателот на Претседателството. За издавањето на легитимациите и за евиденцијата за издадените легитимации се грижи секретарот на Претседателството.

## III. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО

Член 12

Претседателот на Претседателството од името на Претседателството на Републиката ја претставува Социјалистичка Република Македонија.

Претседателот на Претседателството може да овласти член на Претседателството во определени случаи или прашања да го претставува Претседателството пред другите органи и организации.

Член 13

Претседателот на Претседателството, покрај правата и должностите утврдени со Уставот на СРМ, ги врши и следните работи:

1. ги свикува и претседава на седниците на Претседателството,
2. ги потпишува указите за прогласување на законите и сите акти што ги донесува Претседателството,
3. ги потпишува одлуките за помилување,
4. се грижи за спроведувањето на актите и заклучоците на Претседателството,
5. ја усогласува работата на Претседателството со работата на другите републички органи,
6. се грижи за остварување на соработката со органите на општествено-политичките организации,
7. се грижи за остварување на начелото на јавност во работата на Претседателството и неговите работни тела,
8. се грижи за применување на одредбите на Деловникот на Претседателството,
9. врши и други работи утврдени со овој деловник.

Член 14

Во случај на отсутност или подолга спреченост да ја врши функцијата, претседателот на Претседателството на Републиката го заменува член на Претседателството што го определува Претседателството.

## IV. НАЧИН НА РАБОТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО

Член 15

Претседателството работи и одлучува по прашањата од својата надлежност на седници на Претседателството.

### 1. Подготвување и свикување на седниците

Член 16

За организирање и подготвување на седниците на Претседателството општа грижа води претседателот на Претседателството.

Член 17

Претседателот свикува седница на Претседателството, по своја иницијатива и врз основа на заклучок на Претседателството.

Претседателот ќе свика седница ако тоа го побара работно тело на Претседателството или три члена на Претседателството.

Иницијатива за свикување седница на Претседателството со предлог на дневен ред може да поднесе Собранието на СРМ, Извршниот совет на Собранието на СРМ и раководствата на општествено-политичките организации.

Член 18

Поканата за седница на Претседателството, со предлогот на дневниот ред, им се доставува на членовите на Претседателството најдоцна седум дена пред денот определен за одржување на седницата.

Со поканата за седницата на членовите на Претседателството им се доставува, по правило, соодветен материјал за прашањата што се предложени за дневен ред на седницата и записникот од претходната седница на Претседателството.

Претседателот на Претседателството може во итни случаи да свика седница на Претседателството и во рок пократок од седум дена.

Во случаите од претходниот став, предлог на дневен ред може да се поднесе и на самата седница.

Член 19

Предлогот на дневниот ред за седницата, заради информирање, се доставува до Собранието на СРМ, Извршниот совет на Собранието на СРМ, претседателствата на општествено-политичките организации и до органите и организациите што ќе ги одреди претседателот.

Материјалите по прашањата што се предложени за дневен ред на седницата на Претседателството, а кои се од интерес за работата на органите и организациите од претходниот став, може да им се достават по нивно барање и во договор со претседателот на Претседателството.

Член 20

Предлогот на дневниот ред за седницата на Претседателството го поднесува претседателот на Претседателството.

Претседателот на Претседателството во предлогот на дневниот ред ги внесува прашањата што ги предложиле одделни членови на Претседателството, работните тела на Претседателството, Собранието на СРМ и Извршниот совет на Собранието на СРМ.

При составувањето на предлогот на дневниот ред, претседателот на Претседателството ќе ги земе предвид и иницијативите што потекнуваат од раководствата на општествено-политичките организации како и од другите самоуправни организации и заедници.

Член 21

Претседателот на Претседателството може да го одложи внесувањето на одредено прашање во предлогот на дневниот ред за седницата на Претседателството, ако утврди дека материјалите во врска со тоа прашање не се подготвени на начин кој овозможува да се расправа и да се одлучува по него.

Член 22

Ако претседателот на Претседателството во предлогот на дневниот ред не внесе одредено прашање што го предложил некој од иницијаторите од член 17, став 3 на овој деловник, или што некој од нив му го доставил по свикувањето на седницата, на седницата на Претседателството ќе ги изнесе причините поради кои тоа не го сторил.

Член 23

Претседателот на Претседателството и секој член на Претседателството можат на седницата на Претседателството да предложат одредено прашање да се внесе во дневниот ред. Во тој случај тие се должни да ја образложат итноста на внесувањето на тоа прашање во дневниот ред.

Член 24

Дневниот ред за седницата на Претседателството се утврдува на почетокот на седницата.

## 2. Работа на седницата

Член 25

Претседателството работи и одлучува на седници.

Претседателството полноважно одлучува за прашања од својата надлежност на седница на која присуствува мнозинството на неговите членови.

Член 26

По исклучок, Претседателството може во итни случаи да одлучи за прашање од својата надлежност и без одржување на седница, свикана според одредбите на член 18 и член 25 став 1 од овој деловник.

Во случаите на став 1 од овој член, претседателот ќе изврши консултирање на мнозинството членови на Претседателството и врз основа на согласноста на мнозинството од членовите ќе го утврди ставот или мислењето на Претседателството по определено прашање.

За одлуките на Претседателството, донесени на начинот пропишан во став 1 и 2 на овој член, се составува записник кој се поднесува на потврда на првата наредна седница на Претседателството.

Член 27

Во случај на отсутност на претседателот, на седницата претседава член на Претседателството што ќе го одреди Претседателството.

Член 28

Во работата на Претседателството можат да учествуваат по покана, без право на одлучување, членови на работните тела на Претседателството, претставници на Собранието на СРМ, Извршниот совет на Собранието на СРМ, раководствата на општествено-политичките организации како и претставници на самоуправните организации и заедници, научни, стручни и јавни работници.

Член 29

За разгледување на прашања од заеднички интерес, Претседателството може да одржи заедничка седница со Извршниот совет на Собранието на СРМ и со раководствата на општествено-политичките организации во Републиката.

Заедничката седница ја свикуваат договорно претседателот на Претседателството на СРМ и претседателот на Извршниот совет односно на општествено-политичката организација.

На првата своја наредна седница Претседателството го усвојува записникот со заземените ставови, предлози и мислења од заедничката седница.

Член 30

Седницата на Претседателството ја отвора претседателот на Претседателството, а потоа се пристапува кон усвојување на записникот од претходната седница.

Право да стави забелешка на записникот има секој член на Претседателството кој присуствува на седницата.

За оправданоста на забелешките одлучува Претседателството, а усвоените забелешки се внесуваат во записникот.

Член 31

По утврдувањето на дневниот ред, Претседателството преминува на разгледување на одделни прашања по редот утврден во усвоениот дневен ред.

По завршеното разгледување на одделно прашање, во зависност од карактерот на прашањето што се разгледува, Претседателството го утврдува текстот на одлуката, односно на другиот акт или на предлогот, ставот, насоката односно заклучокот по соодветното прашање.

Член 32

Ако прашањето што е разгледувано на седница на Претседателството не бара донесување на одлука односно утврдување на предлог, став и мислење, насока или заклучок, се преминува на следната точка од дневниот ред.

Член 33

За работата на седницата на Претседателството се води записник.

Записникот содржи: времето на почнувањето и завршувањето на седницата, дневниот ред на седницата, имињата на присутните и отсутните членови на Претседателството и имињата на лицата што по покана присуствувале на седницата, предлозите изнесени на седницата, и заклучокот за усвоените одлуки, заклучоци, насоки, ставови и мислења по одделни прашања.

Усвоените одлуки, заклучоци, насоки, ставови и мислења се составен дел на записникот.

Во Записникот се внесува и резултатот од гласањето по прашањата за кои одлучувало Претседателството.

Член на Претседателството, кој на седницата издвоил мислење по одделно прашање, може да бара неговиот став да се внесе во записникот.

Записникот го потпишуваат претседателот односно претседавачот на седницата и секретарот на Претседателството.

Член 34

За работата на седницата на Претседателството можат да се водат стенографски белешки или да се врши и магнетофонско снимање, кои се составен дел на записникот.

Секој член на Претседателството има право да го разгледа своето излагање и во него да изврши редакциски исправки.

Член 35

Изводи од усвоениот записник или белешки од седницата по заклучок на Претседателството им се доставуваат на определени органи и организации, ако е тоа потребно заради нивно запознавање со работата и со одлуките на Претседателството.

Член 36

За составувањето и чувањето на записникот и за чувањето на стенографските белешки и на магнетофонските снимки се грижи секретарот на Претседателството.

## 3. Начин на одлучување

Член 37

Претседателството работи со усогласување на ставовите на своите членови, а одлучува по прашањата од својата надлежност со мнозинство на гласови на присутните членови на Претседателството, ако со овој деловник не е поинаку определено.

Член 38

Членовите на Претседателството гласаат на седницата на Претседателството за одделни прашања така што се изјаснуваат „за“ или „против“ предлогот, или се воздржуваат од гласање.

Член 39

Гласањето на седницата на Претседателството е јавно.

Резултатот на гласањето го утврдува претседателот односно претседавачот.

## V. АКТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО

Член 40

Во вршењето на своите права и должности утврдени со Уставот, Претседателството ги прогласува со указ законите, донесува уредби со законска сила, одлуки и заклучоци, утврдува насоки, предлози, ставови и мислења.

Член 41

Претседателството донесува одлуки за:

— поднесување на предлог за пристапување кон измена на Уставот на СРМ,

— утврдување на планот за одбрана на Републиката,

— доделување на републички признанија и одликувања,

— давање помилување,

— за изборот и разрешувањето на функционерите што ги избира и разрешува Собранието и за мандатот и имунитетските права на делегатите во Собранието, под условите утврдени во член 378 од Уставот на СРМ,

— поведува постапка пред Уставниот суд на Македонија и Уставниот суд на Југославија за оценување на уставноста и законитоста,

— формирање на работни тела,

— организација на службата на Претседателството и за именување и разрешување на функционери во тие тела и служби,

— други прашања, утврдени со уставот, со закон и со овој деловник.

Одлуките на Претседателството се објавуваат во „Службен весник на СРМ“, ако Претседателството за одделни одлуки не одреди поинаку.

Член 42

Претседателството донесува заклучок кога:

— разгледува прашања од своја работа и работата на телата и Службата,

— дава иницијативи за измена на Уставот на СФРЈ.

Претседателството донесува заклучоци и по други прашања што ги разгледува, ако не се донесува друг акт или не се утврдува насока, предлог или став.

Член 43

Претседателството утврдува насоки за преземање на мерки за подготвување на стопанството и општествените дејности и за мобилизирање на сите извори и сили и за одбрана на земјата, усогласување на плановите и мерките на Републиката, општините, организациите на здружениот труд и општествено-политичките и другите организации и заедници за функционирањето и работата во случај на непосредна воена опасност и во војна.

Член 44

Претседателството утврдува предлози кога:

— на Собранието му предлага кандидат за претседател на Извршниот совет, претседател и судии на Уставниот суд на Македонија и членови на Советот на Републиката.

— на Собранието му предлага решенија за прашањата што ги претресувало од општо значење за Републиката од надлежноста на Собранието и за прашањата кои се однесуваат на рамноправноста на народите и народностите и на усогласувањето на заедничките интереси на социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини во органите на федерацијата,

— поднесува предлог за пристапување кон измена на Уставот на СРМ,

— на Советот на Републиката му предлага разгледување на прашања од делокругот на Советот.

Член 45

Претседателството утврдува ставови и мислења кога:

— разгледува прашања по кои не донесува одлуки, заклучоци или насоки,

— утврдува мислења по прашањата од делокругот на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ по кои Собранието на СРМ дава согласност,

— дава иницијатива за преземање на мерки и усогласување на дејностите на надлежните органи во областа на поредокот утврден со Уставот,

— ги разгледува предлозите за избор и именување односно разрешување на функционерите што ги избира односно именува Собранието на СФРЈ,

— ги претресува мислењата на општествено-политичките и другите самоуправни организации и заедници.

Член 46

Претседателството донесува уредби со законска сила кога одлучува по прашањата од надлежноста на Собранието на СРМ, а под условите одредени со член 378 од Уставот на СРМ.

Во остварувањето на задачите од претходниот став Претседателството врши подготвителни работи.

Член 47

Предлозите, ставовите и заклучоците на Претседателството се објавуваат по начин што ќе го одреди Претседателството.

Член 48

Актите на Претседателството ги потпишува Претседателот на Претседателството.

На актите на Претседателството се става печатот на Претседателството.

Оригиналите на актите на Претседателството ги чува секретарот на Претседателството.

## VI. СОВЕТ ЗА НАРОДНА ОДБРАНА

Член 49

Советот за народна одбрана, утврден со Уставот на СРМ, ги разгледува прашањата од областа на народната одбрана од надлежност на Претседателството и по нив утврдува мислења и предлози што му ги поднесува на Претседателството.

Советот за народна одбрана ги координира и усогласува активностите во спроведувањето на одлуките, насоките, заклучоците и другите акти на Претседателството од областа на народната одбрана.

## VII. РАБОТНИ ТЕЛА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО

Член 50

Заради остварување на своите права и должности утврдени со Уставот, Претседателството може да формира постојани и повремени работни тела.

### 1. Постојани работни тела

Член 51

Постојани работни тела на Претседателството се совети и комисии.

Член 52

Советите и комисиите ги следат и разгледуваат прашањата од областите за кои се формирани, даваат иницијатива за разгледување на одделни прашања од страна на Претседателството и по нив му даваат свои мислења и предлози.

Советите и комисиите за својата работа одговараат пред Претседателството. Советите и комисиите одлучуваат за одредени прашања од својот делокруг кога тоа Претседателството ќе им го довери во согласност со закон.

Член 53

Претседателството ги именува членовите на советите и комисиите од редот на членовите на Претседателството од Советот на Републиката, од раководствата на општествено-политичките организации во Републиката и од редот на научните, стручните и други јавни работници. Претседателот на советот се именува од редот на членовите на Претседателството.

Член 54

Претседателството формира совети со одлука.

Со одлуката за формирање се определува делокругот, бројот на членовите и составот на советот.

Член 55

Претседателството ги има следните комисии:

1. Комисија за помилување,
2. Комисија за одликување,
3. Комисија за организационо-кадровски прашања,
4. Комисија за претставки и поплаки.

Бројот на членовите и составот на комисиите се определува со посебна одлука.

Претседателството може да формира и други комисии.

Со одлуката за формирање на друга комисија се определува делокругот, бројот на членовите и составот на комисијата.

Член 56

Комисијата за помилување разгледува и подготвува мислења и предлози за помилувањата што ги дава Претседателството.

Член 57

Комисијата за одликувања разгледува и подготвува предлози за одликувања или други признанија.

Член 58

Комисијата за организациони и кадровски прашања ги врши работите во врска со подготвувањето на предлозите за избор и именување што ги поднесува или разгледува Претседателството како и предлозите за избор и именување што ги врши Претседателството; разгледува општи прашања од кадровската политика и за тоа на Претседателството му поднесува мислења и предлози; ги врши работите кои се однесуваат на организацијата и функционирањето на Претседателството, неговите работни тела, на Службата на Претседателството; ги утврдува во согласност со прописите и општествените договори, надоместоците на личните доходи и другите права по основ на трудот на членовите на Претседателството, на членовите на Советот на Републиката и на функционерите во службите на Претседателството и Советот на Републиката; го утврдува предлогот на претсметката за работа на Претседателството и врши други работи што ќе ѝ ги довери Претседателството.

Член 59

Комисијата за претставки и поплаки ги проучува и разгледува претставките и поплаките упатени до Претседателството на СРМ и ги известува нивните подносители за своите ставови и за преземените мерки.

Комисијата за претставки и поплаки повремено го известува Претседателството за бројот и содржината на примените претставки и поплаки, како и за појавите и проблемите на кои се укажува во претставките и поплаките и дава свои мислења и предлози за нивно разрешавање.

Член 60

Во вршењето на задачите од својот делокруг комисиите на Претседателството соработуваат со соодветните комисии на органите и организациите во Републиката, како и со другите органи и организации.

Член 61

Работните тела работат на седници.

Седницата ја свикува претседателот на работното тело по сопствена иницијатива или врз основа на заклучок на работното тело, а е должен да свика седница ако тоа го побара Претседателството или претседателот на Претседателството, со назначување на прашањата што се предлагаат за дневен ред на седницата на работното тело.

За седниците на работното тело се известуваат и членовите на Претседателството кои не се членови на работното тело.

Член 62

Претседателот на работното тело ги организира и подготвува седниците на работното тело, претседава на седниците, се грижи за спроведување на заклучоците на работното тело и врши други работи што ќе ги одреди работното тело.

Претседателот на работното тело, во случај на отсутност или подолга спреченост, го заменува член на работното тело што ќе го одреди Претседателството.

Член 63

Седницата на работното тело може да се одржи ако на седницата присуствуваат мнозинството членови на работното тело.

На седницата на работното тело, по покана, можат да присуствуваат и други лица заради изнесување на мислења по одделни прашања што се на дневен ред на седницата на работното тело.

Член 64

Дневниот ред на седницата на работното тело го предлага претседателот на работното тело.

Претседателот на работното тело е должен да внесе во предлогот на дневниот ред прашање за кое тоа ќе го побара Претседателството, претседателот на Претседателството или друго работно тело на Претседателството.

Предлогот на дневниот ред, заедно со соодветните материјали, претседателот на работното тело им го доставува на членовите на работното тело, по правило, најдоцна пет дена пред денот на одржувањето на седницата на работното тело.

Претседателот на Претседателството, претседателот на работното тело и секој член на работното тело на седницата на работното тело може да предложат да се внесе одредено прашање во дневниот ред на седницата на работното тело.

Дневниот ред на седницата на работното тело го утврдува работното тело.

Член 65

По разгледувањето на прашањата што се на дневен ред на седницата, работното тело ги утврдува своите ставови и предлози и за тоа му поднесува извештај на Претседателството.

Во извештајот на работното тело се внесуваат предлозите на работното тело и евентуално издвоените мислења, ако тоа го побара член на работното тело.

Член 66

Работното тело одредува известител кој, по потреба, на седницата на Претседателството ќе го образложи мислењето и предлозите на работното тело за одредени прашања.

Известителот не може да се изјаснува од името на работното тело за прашања за кои работното тело не зазело став, не изнело свое мислење или не утврдило предлози.

Член 67

Две или повеќе работни тела можат да заклучат да одржат заедничка седница по одредено прашање.

Член 68

Работните тела на Претседателството, во рамките на својот делокруг, соработуваат со соодветните тела на Собранието на СРМ и на Извршниот совет на Собранието на СРМ, со републичките органи на управата и со општествено-политичките организации.

Член 69

За проучување на определени прашања од својот делокруг и за подготвување на одредени материјали за тие прашања, работните тела можат да формираат работни групи.

**2. Повремени работни тела**

Член 70

За проучување на одредени прашања и за подготвување на материјали за нив, Претседателството може да формира комисија и работна група, како работно тело со одредена задача.

Претседателството, во договор со претседателот на Собранието на СРМ или со Извршниот совет на Собранието на СРМ, може да формира заедничка комисија за проучување на одделни прашања.

Член 71

Претседателството формира повремено работно тело со одлуката со која го утврдува составот и задачата на тоа тело.

Член 72

Во поглед на начинот на работа на повремените работни тела сообразно се применуваат соодветните одредби од овој деловник кои се однесуваат на работните тела на Претседателството, ако со заклучокот за нивното формирање не е поинаку определено.

Повременото работно тело престанува со работа кога ќе ја изврши задачата за која е формирано.

## VIII. ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА

Член 73

Заради организирано вршење на работите од својата надлежност, Претседателството донесува програма за својата работа (програма).

Програмата ги содржи задачите и работите што треба да се извршат во периодот за кој таа се донесува, како и задачите на работните тела и на Службата на Претседателството што треба да се извршат заради спроведување на програмата.

Член 74

Предлог за внесување на одделни задачи и работи во програмата може да поднесе секој член и работно тело на Претседателството.

Иницијатива за внесување на одделни прашања во програмата можат да дадат Собранието на СРМ, Извршниот совет на Собранието на СРМ и раководствата на општествено-политичките организации.

Член 75

Во подготвувањето на програмата Претседателството соработува со Собранието на СРМ, Извршниот совет на Собранието на СРМ, републичките органи на управата и општествено-политичките организации.

Член 76

При изработувањето на предлогот на програмата работните тела на Претседателството предлагаат прашања од својот делокруг и се грижат за нивното подготвување за разгледување на седниците на Претседателството.

Член 77

Врз основа на програмата, советите и другите работни тела на Претседателството утврдуваат планови за својата работа.

Член 78

За остварувањето на програмата се грижи претседателот на Претседателството, работните тела и Службата на Претседателството.

Член 79

Програмата за работа на Претседателството се објавува на начин што ќе го одреди Претседателството.

## IX. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

Член 80

Претседателството ја известува јавноста за својата работа.

За начинот на известување на јавноста одлучува Претседателството.

За присуствување на претставниците на печатот и на другите видови на информации на седниците на Претседателството, одлучува Претседателот на Претседателството.

Член 81

За известување на јавноста за работата на работните тела на Претседателството одлучува претседателот на работното тело.

Член 82

Членовите на Претседателството, во согласност со ставовите на Претседателството, по одредени прашања можат да одржуваат конференции за печатот.

За одржување конференции за печатот членовите на Претседателството претходно го известуваат претседателот на Претседателството.

Член 83

Заради известување на јавноста за работата на Претседателството на неговите работни тела може да се издава информативен билтен за работата на Претседателството или да се користат соодветни информативни гласила.

Информативниот билтен за работата на Претседателството односно соодветното информативно гласило им се доставува на членовите на Претседателството и на членовите на работните тела на Претседателството, како и на органите, организациите и поединците што ќе ги одреди Претседателството.

Член 84

Материјалите што се подготвуваат за работа на Претседателството и на неговите работни тела содржат ознака на степенот на нивната доверливост.

За обезбедување на доверливите материјали се грижи секретарот на Претседателството.

Начинот на ракување и евидентирање, според степенот на доверливоста, се утврдува со посебен акт на Претседателството.

## X. УЧЕСТВО НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО ВО РАБОТАТА НА СОЈУЗНИТЕ И РЕПУБЛИЧКИТЕ СОВЕТИ

Член 85

Заради утврдување и усогласување на ставовите по прашањата од надлежност на федерацијата, Претседателството учествува, преку своите членови што ќе ги определи, во работата на сојузните совети, чиј делокруг е утврден со сојузен закон.

Член 86

Заради остварување на соработка со органите на републиката и општествено-политичките организации во Републиката, Претседателството учествува, преку своите членови што ќе ги определи, во работата на републичките совети (за односи со странство, за заштита на поредокот утврден со Уставот, по прашањата на општественото уредување и за стопанскиот развој и економската политика), чиј делокруг е утврден со републички закон.

Претседателството од редот на своите членови го именува претседателот на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот, во согласност со органите и организациите што учествуваат во работата на советот, а договорно со раководните органи на општествено-политичките организации во Републиката ги утврдува нивните претставници во овој Совет и именува определен број на членови во Советот.

Претседателството, во согласност со органите и организациите што учествуваат во работата на Републичкиот совет за односи со странство, од редот на своите членови именува претседател на Републичкиот совет за односи со странство и членови на овој Совет од редот на научните и стручните работници.

Претседателството, по предлог од соодветниот републички совет, го именува секретарот на Републичкиот совет за заштита на поредокот утврден со Уставот и секретарот на Републичкиот совет за односи со странство.

## XI. ОДНОСИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО СПРЕМА СОБРАНИЕТО НА СРМ И ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Член 87

Односите на Претседателството спрема Собранието на СРМ и спрема Извршниот совет на Собранието на СРМ се засновуваат врз правата и должностите утврдени со Уставот и законите и врз принципот на меѓусебна соработка во нивното остварување.

Член 88

Претседателот на Претседателството го претставува Претседателството пред Собранието на СРМ.

Претседателството може да одреди свој член да го претставува по одредено прашање пред соборите на Собранието.

Член 89

При разгледувањето на прашања од општо значење за Републиката, а од надлежност на Собранието на СРМ, Претседателството му поднесува на Собранието предлози и иницијативи или ставови и мислења по тие прашања.

Предлозите и иницијативите од претходниот став можат да бидат утврдени и поднесени на Собранието на СРМ и како предлог за донесување на одреден закон или иницијатива за донесување на закон или на друг општ акт.

Член 90

Предлозите и иницијативите односно ставовите и мислењата на Претседателството по прашањата од надлежноста на Собранието, претседателот на Претседателството му ги упатува на претседателот на Собранието.

Член 91

Мислењата што Претседателството ги утврдува по прашањата од делокругот на Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ по кои Собранието на СРМ дава согласност, се упатуваат до Собранието на СРМ преку претседателот на Собранието.

Член 92

Предлогот на кандидат за претседател на Извршниот совет, предлогот за претседател и за судии на Уставниот суд на Македонија и предлогот за избор на членови на Советот на Републиката, Претседателството го утврдува и упатува во писмена форма до Собранието на СРМ преку претседателот на Собранието.

Претседателството може да определи свој член кој ќе го претставува Претседателството при разгледувањето на предлозите од претходниот став во Собранието на СРМ.

Член 93

При разгледувањето на предлозите за избор односно за именување и разрешување на функционерите од Социјалистичка Република Македонија што ги избира односно именува Собранието на СФРЈ, Претседателството утврдува мислење кое го доставува до Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ, преку претседателот на Собранието.

Член 94

Ако Собранието барало од Претседателството да утврди или изложи ставови по одделни прашања од надлежноста или од интерес за работата на Собранието, претседателот на Претседателството ќе го внесе таквото прашање во предлогот на дневниот ред на наредната седница на Претседателството.

Претседателот на Претседателството ќе повика претставник на Собранието на седницата на Претседателството на која ќе се разгледува прашањето што го покренало Собранието.

Претседателот на Претседателството го известува претседателот на Собранието за ставовите по прашањето за кое Собранието барало да се изјасни Претседателството.

Член 95

Претседателството го известува Собранието на СРМ, по своја иницијатива или по негово барање, за прашањата од својата надлежност.

Член 96

Претседателството остварува соработка со Собранието на СРМ по прашањата од својата надлежност посебно со: информирање за прашањата што ги разгледува Претседателството и за усвоените акти односно ставови и мислења заземени по нив; повикување на претставници на Собранието на седници на Претседателството; избор на претставници на Собранието на СРМ во одредени работни тела на Претседателството; присуство, по покана, на членови на Претседателството на седници и советувања што ги организира Собранието на СРМ и преку други облици на соработка утврдени во деловниците за работа на Претседателството и на Собранието на СРМ.

## XII. ОДНОСИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО СПРЕМА СОВЕТОТ НА РЕПУБЛИКАТА

Член 97

Односите на Претседателството со Советот на Републиката се засновуваат врз правата и должностите утврдени со Уставот на СРМ и Законот за Советот на Републиката.

Член 98

Седниците на советот ги свикува, дневниот ред го предлага и им претседава претседателот на Претседателството на Републиката.

Претседателот на Претседателството на Републиката свикува седница на Советот по своја иницијатива или по заклучок на Претседателството на Републиката.

Предлог за свикување на седници на Советот на Републиката, кој содржи и предлог на дневен ред, може да поднесе член на Претседателството или работно тело на Претседателството, по кој Претседателството се произнесува со заклучок.

Кога Претседателството заклучи да свика седница на Советот на Републиката, истовремено го утврдува и предлогот на дневниот ред за седницата на Советот.

## XIII. СОРАБОТКА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО СО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СФРЈ И СО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВАТА НА РЕПУБЛИКИТЕ И АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

Член 99

Во извршувањето на своите задачи Претседателството соработува со Претседателството на СФРЈ и со претседателствата на социјалистичките републики и автономните покраини.

Член 100

Соработката со Претседателството на СФРЈ и претседателствата на социјалистичките републики и автономните покраини Претседателството ја остварува особено: со размена на мислења и ставови по прашања од нивна надлежност, со сора-

ботка на работните тела на Претседателството со соодветните тела со размена на документациони, информативни и други материјали на Претседателството на СФРЈ и Претседателството на републиките и покраините и преку други облици на меѓусебна соработка, што ќе ги утврдат спогодбено претседателствата.

## XIV. СОРАБОТКА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО СО ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ И ДРУГИТЕ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ

Член 101

Во извршувањето на своите задачи, Претседателството соработува со Сојузот на комунистите на Македонија, со Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и со Сојузот на синдикатите на Македонија и се потпира врз нивните иницијативи, предлози и мислења.

Претседателството соработува и со други општествено-политички организации како и со самоуправните организации и заедници.

Член 102

Претседателството ја остварува соработката со општествено-политичките и други организации и заедници по прашањата од својата надлежност особено: со взаемно информирање по одредени прашања и заземени ставови, со повикување на претставници на тие организации и заедници на седниците на Претседателството и на работните тела на Претседателството да ги изнесат своите мислења и ставови, со размена на информативни и документациони материјали, со барање тие организации и заедници да даваат свои мислења и предлози за одредени прашања што ги разгледува Претседателството, со заедничко организирање на одделни облици на консултации на пошироката јавност по прашањата за кои Претседателството треба да одлучи и преку други облици на соработка утврдени со овој деловник.

## XV. СЕКРЕТАР НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО И СЛУЖБА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО

Член 103

Претседателството има секретар.

Секретарот го именува Претседателството на време од четири години и може повторно да го именува.

Член 104

Стручните и други работи за потребите на Претседателството на Републиката и на неговите работни тела ги врши Службата на Претседателството.

Одредени административно-финансиски, технички и други работи за потребите на Претседателството, врз основа на меѓусебен договор, може да ги врши соодветната служба на Собранието и Извршниот совет на Собранието или да се формира таква заедничка служба со овие органи.

Член 105

Организацијата, задачите и работата на службата на Претседателството, како и начинот на именување односно назначување и разрешување од должност на раководителите во службата и нивната одговорност, се утврдуваат со посебна одлука на Претседателството.

Со одлука на Претседателството може да се формираат и посебни служби на Претседателството и да се утврдат работите, задачите и овластувањата на тие служби и на нивните раководители.

Член 106

Општото раководење со Службата на Претседателството го врши секретарот на Претседателството.

Секретарот му помага на претседателот на Претседателството во подготвувањето на седниците на Претседателството, ја организира и усогласува работата на Службата на Претседателството на извршувањето на задачите и работите за потребите на Претседателството и на неговите работни тела.

Секретарот во поглед на работните односи и самоуправувањето во Службата на Претседателството ги има правата и должностите на функционер кој раководи со републички органи на управата.

Член 107

Наредбодавец за извршување на претсметката на Претседателството е секретарот на Претседателството.

## XVI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 108

Со денот на влегувањето во сила на овој деловник престанува да важи Привремениот деловник за работа на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 1/74). Прописите и актите на Претседателството што се во спротивност со одредбите на овој деловник да се усогласат во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој деловник.

Член 109

Овој деловник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-312
14 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски** с. р.

---

**340.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 3 од Законот за помилување и член 85 од Кривичниот Законик, Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 14. VII. 1975 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Неиздржаниот дел од казната им се прости на:
1. Даути Аљуш Јусуфи, од с. Орашје,
2. Алириза Реџеп Амедов, од Радовиш,
3. Делија Раиф Јаховиќ, од Скопје,
4. Лазо Миле Миновски, од Скопје,
5. Живко Методија Илиевски, од с. Мажучиште,
6. Петре Мице Ќиќерков, од с. Љубанци.

II

Изречената казна му се прости на:
1. Бошко Алексо Манев, од Титов Велес.

III

Изречената казна им се услови за 1 година на:
1. Станојко Серафим Јакимовски, од Крива Паланка,
2. Дака Ука Зекиќ, од с. Винарца,
3. Али Шериф Усеинов, од с. Аликач,
4. Александар Ѓорѓи Чокузовски, од Скопје,
5. Миодраг Манојло Десовски, од Скопје.

IV

Неиздржаниот дел од казната му се услови за 1 година на:

1. Заруш Малиќ Маликовски, од с. Кишава.

V

Изречената казна да им се услови за 2 години на:

1. Ќанија Ќани Асанова, од Скопје,
2. Бранислава Јордан Митиќ, од Скопје,
3. Снежана Трајко Калаџиска, од Штип,
4. Љупчо Анте Андонов, од Скопје.

VI

Казната строг затвор му се замени со казна затвор и неиздржаниот дел од оваа казна услови за 2 години на:

1. Миле Славе Симоновски, од Скопје.

VII

Изречената казна им се намали за 6 месеци на:

1. Кирил Славе Станковски, од с. Можднвњак,
2. Костадин Ѓорѓи Митрев, од с. Ангелци,
3. Љубен Драги Димовски, од Прилеп,
4. Гаврил Јордан Котевски, од с. Новаци.

VIII

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Број 06-311
14 јули 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски** с. р.

---

**341.**

Врз основа на член 29 став 3 од Законот за републичката управа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/65 и 16/69), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ЕКОНОМСКИ ОДНОСИ СО СТРАНСТВО

1. Се именува за помошник на републичкиот секретар за економски односи со странство инж. Ѓорѓи Гошев, досегашен самостоен советник во Секретаријатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-1463/1
24 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**342.**

Врз основа на член 33 од Законот за Извршниот совет („Службен весник на СРМ“ бр. 40/71), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПОМОШНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ОДНОСИ СО СТРАНСТВО НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

1. Се именува за помошник на секретарот на Секретаријатот за односи со странство на Извршниот совет Наум Начевски, досегашен советник на секретарот на Секретаријатот.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-1462/1
24 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Благој Попов,** с. р.

---

**343.**

Врз основа на член 154 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ бр. 8/75), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ВОЗАЧКИТЕ ДОЗВОЛИ, ДОЗВОЛАТА ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР И ВОЗАЧКАТА ПОТВРДА

Член 1

Со овој правилник се пропишува постапката за издавање, заменување, продолжување на важењето и начинот на водење евиденцијата на возачките дозволи и дозволата за возач на трактор, како и постапката за издавање и начинот на водење на евиденцијата на издадените возачки потврди.

### I. ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА

#### 1. Издавање, заменување и продолжување на важењето на возачката дозвола

Член 2

Возачката дозвола се издава на барање од странка.

Барањето за издавање возачка дозвола содржи: презиме, татково име и име, ден, месец, година и место на раѓањето, државјанство, живеалиште односно престојувалиште и адреса на подносителот на барањето, датум на полагањето на возачкиот испит и категорија на моторните возила за кои се бара дозвола.

Член 3

Со барањето за издавање на возачка дозвола се поднесува:

1. Уверение за здравствена способност во оригинал, доколку на уверението што е приложено со пријава за полагање на возачкиот испит му истекол рокот на важењето;
2. Уверение за положен возачки испит за управување со моторни возила од категоријата за која се бара возачка дозвола;
3. Две фотографии на подносителот на барањето во големина 3,5 × 4,5 см.

Во уверението за здравствена способност се наведува презимето и името и потесната специјалност на лекарите што го извршиле здравствениот преглед, како и мислењето за условите под кои возачката дозвола, со оглед на здравствената состојба на подносителот на барањето, може да се издаде.

На фотографиите подносителот на барањето мора да биде насликан од лице и без капа. Ако е со здравствениот преглед утврдено дека на подносителот при управување со моторно возило му се потребни корекциони стакла (контактни леќи) подносителот е насликан со нив.

Член 4

Во возачката дозвола на лице од член 152 став 3 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата („Службен лист на СФРЈ“ бр. 17/74), се назначува дека важи само за управување со мотоцикли со мотор чија зафатнина не преминува 125 $cm^3$.

Член 5

Со барањето за издавање на возачка дозвола врз основа на воена возачка дозвола се поднесува, покрај уверение за здравствена способност и две фотографии — член 3 став 1 точ. 1 и 3 од овој правилник, и заверен препис од воената возачка дозвола на која надлежниот општински орган за работите на народната одбрана потврдува дека дозволата е важечка, а во случаите од член 158 став 1 точка 3 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата, и потврда дека е исполнета определената програма за обука во возење на моторни возила од категоријата што е означена во воената возачка дозвола.

Член 6

Општинскиот орган за внатрешни работи, што ја издал возачката дозвола, ќе забележи во воената возачка дозвола дека врз основа на неа е издадена возачка дозвола.

Член 7

Странска возачка дозвола во случаите од член 161 став 1 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата ќе се замени со возачката дозвола ако барањето за замена е поднесено во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во Југославија на југословенскиот државјанин односно од денот на добивањето на одобрението за постојано настанување во Југославија на странецот.

Со барањето за замена на странската возачка дозвола се поднесува, покрај уверение за здравствена способност и две фотографии — член 3 став 1 точ. 1 и 3 од овој правилник, и превод од странската возачка дозвола заверен од судски толкувачи или од надлежниот орган за одржување на врските со дипломатските и конзуларните претставништва, а во случаите од член 161 став 3 од Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата и исправа издадена од органот надлежен за издавање на странската возачка дозвола од која да се гледа со кои моторни возила може да се управува со таа дозвола односно дека на неа не ѝ истекол рокот на важењето.

Член 8

Странската возачка дозвола се одзема на лице на кое врз основа на неа, му е издадена возачка дозвола.

Странската возачка дозвола му се враќа на лицето од кое е одземена, на негово барање кога ја напушта Југославија под услов да ја врати возачката дозвола што му е издадена во замена на странската возачка дозвола.

Член 9

По приемот на барањето за издавање и замена на возачка дозвола надлежниот општински орган за внатрешни работи утврдува дали се исполнети пропишаните услови за издавање на возачка дозвола и, зависно од резултатот на утврдувањето, ќе издаде возачка дозвола или ќе донесе решение со кое се одбива барањето за издавање односно замена на возачката дозвола.

Странска возачка дозвола може да се замени со возачка дозвола и кога постои основано сомневање за нејзината веродостојност или за веродостојноста на исправата од член 7 став 2 на овој правилник.

Во случаите од претходниот став општинскиот орган за внатрешни работи ќе ја провери веродостојноста по службена должност и, доколку утврди дека дозволата или исправата не е веродостојна, ќе ја одземе возачката дозвола.

Член 10

Општинскиот орган за внатрешни работи, кој утврди дека пред издавањето на возачката дозвола против подносителот на барањето има поднесено барање за поведување прекршочна постапка за прекршок за кој е предвидено задолжително изрекување на заштитната мерка забрана издавање на возачка дозвола, ќе го одложи издавањето на возачката дозвола додека не се донесе правосилна одлука.

Општински орган за внатрешни работи кој поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок од претходниот став, должен е за тоа веднаш да го извести општинскиот орган за внатрешни работи на чие подрачје лицето има живеалиште.

Член 11

Продолжувањето на важењето на возачката дозвола се запишува во местото за запишување на важењето на возачката дозвола.

Член 12

Возачка дозвола чија важност не може да се продолжи се поништува, а возачот се брише од евиденцијата на возачите.

**2. Издавање на нова возачка дозвола наместо загубена или дотраена**

Член 13

Губењето на возачка дозвола возачот е должен да му го пријави на општинскиот орган за внатрешни работи на чие подрачје е загубена возачката дозвола.

Ако возачот ја загуби возачката дозвола надвор од подрачјето на општината во која има живеалиште, општинскиот орган за внатрешни работи, на негово барање, ќе му издаде за тоа потврда, во која ќе ја наведе категоријата на возилото што го управува возачот. Оваа потврда се издава со важење само за онолку време колку што му е потребно на возачот да се врати со возилото во седиштето на општинскиот орган за внатрешни работи на чие подрачје има живеалиште.

Член 14

Барање за издавање на нова возачка дозвола наместо загубената возачот му поднесува на општинскиот орган за внатрешни работи на чие подрачје возачот има живеалиште.

Со барањето за издавање на нова возачка дозвола наместо загубената се прилагаат две фотографии на возачот во големина 3,5 × 4,5 см.

Барањето за издавање нова возачка дозвола наместо загубената возачот го поднесува лично. Работникот во општинскиот орган за внатрешни работи што го прима барањето го утврдува идентитетот на подносителот.

Член 15

На возачот што ќе поднесе барање за издавање на нова возачка дозвола наместо загубената може наместо нова возачка дозвола да му се издаде привремена дозвола за управување со моторни возила во која, врз основа на податоците од картонот на возачот, ќе ја наведе категоријата на моторните возила за чие управување бил овластен возачот.

Привремената дозвола од претходниот став, која е снабдена со фотографија на возачот, се издава со важење до 30 дена и за тоа време ја заменува возачката дозвола.

Член 16

Ако возачката дозвола дотраела, возачот е должен да бара дозволата да му се замени со нова.

Барање за замена на дотраена возачка дозвола возачот му поднесува на општинскиот орган за внатрешни работи на чие подрачје возачот има живеалиште.

Со барањето за замена на дотраена возачка дозвола се прилагаат две фотографии на возачот во големина 3,5 × 4,5 см.

Општинскиот орган за внатрешни работи што ја заменил возачката дозвола ја поништува дотраената возачка дозвола што службено го забележува на барањето за замена на дотраената возачка дозвола.

Член 17

Новата возачка дозвола што се издава наместо загубената односно дотраената го носи регистарскиот број, како и загубената односно дотраената возачка дозвола.

**3. Евиденција за издадените возачки дозволи**

Член 18

Општинскиот орган за внатрешни работи води евиденција за возачките дозволи издадени на возачи што имаат живеалиште на подрачјето на општината.

Евиденцијата од претходниот став се состои од регистар, картотека и досија за возачи на моторни возила.

Член 19

Регистарот за возачи на моторни возила содржи: реден број, презиме, татково име и име, датум и место на раѓање, живеалиште и адреса, ознака на категоријата на моторното возило што возачот има право да го управува и забелешка.

Редниот број на регистарот е број на возачката дозвола.

Член 20

Картотеката за возачи на моторни возила се состои од картони на возачите. Картонот на возачот содржи: презиме, татково име и име, датум и место на раѓањето, државјанство и занимање на возачот, број на издадената возачка дозвола и датум на нејзиното издавање, назив на органот што ја издал дозволата, ознака на категоријата на моторното возило што возачот има право да го управува и рок на важењето на издадената возачка дозвола.

На картонот на возачот е залепена фотографијата на возачот и е назначен бројот под кој возачот е запишан во регистарот на возачите на моторни возила.

Во картонот на возачот се запишуваат казните, заштитните мерки и мерките на безбедност што ќе му бидат изречени на возачот во прекршочна или кривична постапка за прекршоци односно кривични дела сторени во сообраќај на пат.

Картонот на возачот се води на образецот што е отпечатен кон овој правилник и е негов составен дел.

Член 21

На барањето за издавање возачка дозвола се забележува, по издавањето на возачка дозвола, редниот број под кој возачот е запишан во регистарот за возачи на моторни возила.

Член 22

Досието на возачот го образуваат особено: документацијата сврзана со полагањето на возачкиот испит, барањата за издавање, заменување и продолжување на возачката дозвола и документација сврзана со контролните здравствени прегледи.

Член 23

За возач на моторно возило кој промени живеалиште заради упис во евиденцијата на возачите, општинскиот орган за внатрешни работи е должен да побара од општинскиот орган за внатрешни работи во кој возачот се водел во евиденција да го брише од регистарот за возачи на моторни возила и да му го достави картонот на возачот најкасно во рок од 30 дена од приемот на барањето.

Промената на живеалиштето и редниот број под кој возачот е запишан во регистарот на возачите на моторни возила се запишуваат во возачката дозвола.

Член 24

Организација на Авто-мото сојузот на Југославија во регистарот на издадените меѓународни возачки дозволи ги внесува податоците: презиме, татково име и име на возачот на кој му е издадена меѓународна возачка дозвола, живеалиште, адреса и занимање, категорија на возилото, за која е издадена меѓународната возачка дозвола и број и датум на издавањето на возачката дозвола врз која е издадена меѓународната возачка дозвола. Страниците во регистарот се нумерирани, а регистарот е заверен од општинскиот орган за внатрешни работи на чие подрачје е седиштето на организацијата што го води регистарот.

## II. ДОЗВОЛА ЗА ВОЗАЧ НА ТРАКТОР

Член 25

Одредбите од овој правилник што се однесуваат за возачката дозвола сходно се применуваат и врз дозволата за возач на трактор.

## III. ВОЗАЧКА ПОТВРДА

Член 26

Возачка потврда се издава врз основа поднесеното барање за проверка на знаењата, ако кандидатот за возач задоволи на таа проверка и ако надлежниот општински орган за внатрешни работи утврди дека се исполнети пропишаните услови за издавање на возачка потврда.

Член 27

На возач, кој ја загуби или му дотрае возачката потврда, на негово барање, општинскиот орган за внатрешни работи што возачот го води во евиденција, му издава нова возачка потврда. Новата возачка потврда се издава како дупликат, што се означува на неа со зборот „дупликат" и го носи регистарскиот број од загубената односно дотраената возачка потврда.

Член 28

За издадените возачки потврди се води регистар кој, покрај податоците од возачката потврда, содржи и податоци за казните, заштитните мерки и мерките на безбедност што ќе му бидат изречени на возачот во прекршочна или кривична постапка за прекршоци односно кривични дела сторени во сообраќај на пат, како и рубрика за забелешки.

Во регистарот од претходниот став се внесуваат и возачите што го промениле живеалиштето, во кој случај во рубриката за забелешки се внесува бројот на возачката потврда и органот што ја издал потврдата.

Општинскиот орган за внатрешни работи должен е за возачот, кој пријавил промена на живеалиштето, да побара да му се достават податоци за казните, заштитните мерки и мерките на безбедност заради убележување во регистарот.

Регистарот се чува како документ од трајна вредност, а документација сврзана со издадените возачки потврди се чува најмалку 2 години.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 29

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 05-7346/1
3 јули 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

Реден број од регистарот на возачите ____________________ (боја сина)

____________________

Категорија ______

**КАРТОН НА ВОЗАЧОТ**

| | |
|---|---|
| Презиме и име | |
| Татково име | Датум на раѓањето |
| Место на раѓањето | Државјанство |
| Занимање | Број на дозволата |
| Датум на издавањето на дозволата | Рок на важноста на дозволата |
| Назив на органот што ја издал дозволата | |

Категорија на возила за која важи дозволата

| | Категорија | Датум на означување на категоријата | Назив на органот што го извршил означувањето на категоријата | Датум на полагањето на возачкиот испит |
|---|---|---|---|---|
| | А | | | |
| МЕСТО за фотографијата на возачот | Б | | | |
| | Ц | | | |
| | Д | | | |
| | Е за возила од категорија Б | | | |
| | Е за возила од категорија Ц | | | |
| | Е за возила од категорија Д | | | |
| | Дозвола за трактор | | | |

Ограничување на важењето на дозволата

| |
|---|
| |

Продолжување на важењето на дозволата

| | | |
|---|---|---|
| Важењето продолжено до ________ ______ 19___ година | Важењето продолжено до ________ ______ 19___ година | Важењето продолжено до ________ ______ 19___ година |
| Назив на органот што го продолжил важењето ____________ | Назив на органот што го продолжил важењето ____________ | Назив на органот што го продолжил важењсто ____________ |
| Потпис, | Потпис, | Потпис, |

Место на живеалиштето

| Место на живеалиштето и општина | Точна адреса | Датум на пријавата |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Казни, заштитни мерки и мерки на безбедност изречени во прекршочна или кривична постапка

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |

**344.**

Уставниот суд на Македонија, решавајќи го спорот поведен од работниците на Основната организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“ и на други дванаесет основни организации на здружениот труд, како и на Заедницата на основните организации на здружениот труд за земјоделско производство, сите во состав на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ во Битола, во поглед на исполнувањето на условите за организирање на единаесет продавници во основна организација на здружениот труд, по одржаната јавна расправа на 4 јуни 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. Се утврдува дека делот на Основната организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“ во состав на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ во Битола, што го сочинуваат единаесет продавници, не ги исполнува условите за организирање во основна организација на здружениот труд.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ во Битола на начин што во самоуправната спогодба за здружување односно во статутот на комбинатот е предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основната организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“, а потоа и уште дванаесет основни организации на здружениот труд, како и Заедницата на основните организации на здружениот труд за земјоделско производство, сите во состав на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ во Битола, му поднесоа на Уставниот суд на Македонија предлози за поведување спор во врска со организирањето на работниците во делот на Основната организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“ што го сочинуваат единаесет продавници во Основна организација на здружениот труд за трговија со млеко и млечни производи.

Според наводите во предлозите вработените во единаесет продавници на Основната организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“ на 15 декември 1974 година донеле одлука овој дел да го организираат во Основна организација на здружениот труд за трговија со млеко и млечни производи. Подносителите на предлозите сметаат дека овој дел на основната организација на здружениот труд не претставува работна целина во која резултатот од заедничкиот труд на работниците може да се потврди како вредност на пазарот или во работната организација и кој врз таа основа може самостојно да се изрази. Наспроти тоа, се истакнува во предлозите, Основната организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“ претставува работна целина во која заради вршење на нејзината дејност се организирани посебни служби, како што се: набавната, транспортната, административно-техничката служба, книговодството и други служби со кои се обезбедува нормално одвивање на процесот на работата во основната организација како целина.

Одлуката за организирање на единаесетте продавници во Основната организација на здружениот труд за трговија со млеко и млечни производи се оспорува и од гледна точка на постапката за нејзиното донесување, затоа што пред нејзиното донесување не било образувано работно тело за спроведување на потребните подготовки и што не била подготвена и разгледана од работниците анализа за исполнување на условите за организирање во основна организација на здружениот труд во смислата на членот 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд, како и затоа што одлуката не била донесена со мнозинство на гласови од сите работници, вработени во овој дел на работната организација. Во врска со последниов навод во предлозите се тврди дека од вкупно 28 вработени во овој дел на основната организација 17 работници дале писмена изјава дека не се согласуваат со организирањето во основна организација на здружениот труд односно дека некои не биле присутни на собирот на кој е донесена одлуката за организирање на основната организација.

Во одговорот на Основната организација на здружениот труд за трговија со млеко и млечни производи се оспоруваат наводите во предлозите за поведување постапка како неосновани и се истакнува дека овој дел на основната организација, што го сочинуваат единаесет специјализирани продавници за продажба на млеко и млечни производи, претставува работна целина во која резултатот од заедничкиот вложен труд на работниците може да се потврди како вредност на пазарот и самостојно да се изрази. Во врска со наводите во предлозите дека одлуката за организирање основна организација на здружениот труд е донесена без потребното мнозинство на работниците во одговорот се укажува дека на собирот на кој била донесена одлуката присуствувале 22 вработени и дека сите се изјасниле за организирање на овој дел во основна организација на здружениот труд.

Во одговорот исто така се наведува дека врз основа на расположивите податоци дополнително била подготвена анализа на условите за организирање на продавниците за продажба на млеко и млечни производи во основна организација на здружениот труд, што ја потпишале 22 вработени во овие продавници и дека со неа се потврдува постоењето на сите услови за организирање на основна организација на здружениот труд. Во одговорот посебно се појаснува дека овие единаесет продавници биле во состав на претпријатието „Млекар“ во Битола, кое во 1971 година се присоединило кон Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ во Битола со статус на основна организација на здружениот труд, а продавниците влегле во состав на трговската организација „Пелагонија-комерц“, која исто така била во состав на ЗИК „Пелагонија“. Подоцна, по присоединувањето на Земјоделскиот комбинат „Светлост“ од Породин кон ЗИК „Пелагонија“, продавниците за млеко и млечни производи биле издвоени од составот на „Пелагонија-комерц“ и од 1 август 1973 година се во состав на новоорганизираната Основна организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“.

4. Врз основа на податоците во писмените прилози и доказите поднесени на јавната расправа Судот утврди дека работниците од единаесет продавници на Основната организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“ во состав на Земјоделско-индустрискиот комбинат „Пелагонија“ во Битола, на собирот одржан на 15 декември 1974 година, донеле одлука овие продавници да се организираат во Основна организација на здружениот труд за трговија со млеко и млечни производи.

Судот исто така утврди дека во времето на одржувањето на собирот во овие продавници биле вработени вкупно 20 работници а дека на собирот одржан на 15 декември 1974 година присуствувале 22 работника, од кои двајца биле вработени во другите делови на основната организација на здружениот труд, а порано работеле во претпријатието „Млекар“ во Битола. За донесувањето на одлуката за организирање во основна организација на здружениот труд се изјасниле сите присутни на собирот. Оваа одлука исто така со мнозинство од сите вработени била потврдена и на повторниот собир одржан на 17 април 1975 година.

Со оглед на тоа Судот утврди дека одлуката за организирање на основна организација на здружениот труд е донесена со мнозинство предвидено во ставот 2 на член 35 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд.

Судот потоа утврди дека подготовките за организирање на основна организација на здружениот труд не биле спроведени од работно тело составено од делегати избрани во сите делови на организацијата на здружениот труд ниту пак била претходно подготвена и разгледана анализа на условите за организирање на основна организација на здружениот труд во смислата на членот 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ“ бр. 22/73). При тоа Судот утврди дека вработените во овие продавници воопшто не дале иницијатива за образување на работно тело и за изготвување анализа во смисла на законот.

Судот исто така утврди дека во состав на Основната организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“ постојат 47 продавници, од кои 14 се наоѓаат во селата и 33 во градот Битола. Од продавниците што се наоѓаат во градот Битола 7 се специјализирани продавници за овошје и зарзават, а 2 за продажба на месо и риба, додека 24 продавници вршат продажба на прехранбени производи и друга стока за куќни потреби. Судот исто така утврди дека продавниците во кои работниците донеле одлука за организирање на основна организација на здружениот труд не вршат продажба само на млеко и млечни производи, туку дека во нив покрај млеко и млечни производи се продава и друг вид на стока, како и во другите 13 продавници во градот кои исто така, меѓу другото, вршат продажба на млеко и млечни производи. При тоа Судот утврди дека овие продавници биле специјализирани за продажба на млеко и млечни производи само додека биле во состав на работната организација „Млекар“, односно во состав на Основната организација на здружениот труд „Пелагонија-комерц“, но дека по присоединувањето на овие продавници кон Основната организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“ тие го изгубиле таквиот свој карактер и оттогаш вршат продажба и на други производи, како и другите продавници во градот. Со оглед на тоа Судот утврди дека продавниците, во кои работниците донеле одлука за организирање на основна организација на здружениот труд, не претставуваат работна целина во смисла на Уставот и дека тие сочинуваат единствена целина со другите продавници на Основната организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“.

Од друга страна со одлуката за организирање во основна организација на здружениот труд е определено дека предмет на дејност на новоорганизираната основна организација на здружениот труд треба да биде продажба на млеко и млечни производи, деликатесни и сувомеснати производи, бели печива и бурек, како и продажба на алкохолни и безалкохолни пијалоци. Судот утврди дека вака утврдената дејност на новоорганизираната основна организација на здружениот труд скоро не се разликува од предметот на дејноста на постојната основна организација на здружениот труд.

Со оглед на изнесеното Судот утврди дека одлуката за организирање на делот што го сочинуваат единаесет продавници на Основната организација на здружениот труд „Трговија на големо и мало со прехранбени и куќни потреби“, во основна организација на здружениот труд во состав на ЗИК „Пелагонија“ во Битола, не е донесена во постапка определена со членот 34 од Законот за конституирање и запишување во судскиот регистар на организациите на здружениот труд и дека овој дел на основната организација не ги исполнува условите за организирање во основна организација на здружениот труд утврдени во членот 37 од Уставот на СР Македонија, поради што одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 2/75
4 јуни 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Асен Групче**, с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор по тужбата на тужителот Алим Сулејмани од Гостивар преку полномошникот Никола Зафировски, адвокат од Скопје, против тужените Шефик Салији, порано од Гостивар, сега со непознато место на живеење, Неим Салији од Гостивар, ул. „Никола Парапунов“ бр. 84, и Билал Салији, порано од Гостивар, сега со непознато место на живеење, за надомест на штета. Вредност на спорот 51.443,60 динари.

Се повикуваат тужените Шефик Салији, роден на 2. V. 1935 година и Билал Салији, роден во 1945 година, и двајцата во село Дебреше, од татко Гуљас, во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“, лично да се јават на судот или да ја соопштат својата адреса. Во спротивно ќе им се постави привремен старател кој ќе ги застапува во овој спор до окончувањето на истиот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 972/72.

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Загубеното свидетелство за завршено II-ро одделение издадено од бившата Реална гимназија — Тетово, во учебната 1924/25 година, на име Трпчески Васил од Тетово, ул. „127“ бб, се огласува за неважно.

Од Општинскиот суд во Тетово, Р. бр. 229/74 од 17. VII. 1975 година. (103)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТИТОВ ВЕЛЕС

Тужителот Алил Алиловски од село Мелница, општина Титов Велес, поднел тужба за утврдување на сопственост, вредност 550,00 динари, против тужената Ајша Ајвазовска.

Бидејќи тужената се наоѓа во Турција со непозната адреса, се поканува во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во судот или да одреди свој застапник. Во спротивно ќе ѝ биде определен законски застапник по службена должност.

Од Општинскиот суд во Титов Велес, П. бр. 46/75. (107)

---

Пред Општинскиот суд во Титов Велес е заведен спор по тужбата за иселување на тужителите Михајлов Петре и Марика Михајлова од Кавадарци, против тужените Мира Настева (Димова) и Тоде Димов од Титов Велес, а сега тужениот Тоде Димов со непознато место на живеење. Вредноста на спорот 100,00 нови динари.

Се повикува тужениот Тоде Димов од Титов Велес во рок од 30 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“, да се јави лично во судот или да ја достави својата точна адреса.

Доколку во определениот рок не се јави на тужениот ќе му се постави старател, кој ќе се грижи за неговите права и обврски по овој спор.

Од Општинскиот суд во Титов Велес, П. бр. 212/75 година.

## ОПШТИНСКИ СУД ВО КУМАНОВО

При Општинскиот суд во Куманово покрената е постапка од страна на предлагачот Станоевски Филип од Скопје и Јурдана Велика од Ниш, за прогласување на исчезнатите лица за умрени и тоа: Станоевски Петков Ѓорѓи, роден 1890 година во Куманово, а исчезнал 1913 година и Станоевски Петков Стојан роден 1900 година во Куманово, а исчезнал 1952 година. Се повикуваат истите доколку се живи, во рок од 3 месеци од објавувањето на овој оглас, да се јават на судот како и секој оној што знае за нивниот живот. Во спротивно по поминувањето на определениот рок и изведувањето на останатите докази, споменатите лица ќе бидат прогласени за умрени.

Од Општинскиот суд во Куманово, Р. бр. 1180/74 год. (102)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ГОСТИВАР

Се повикува исчезнатото лице Абази Акик од татко Исеин, роден 1905 година во село Леуново, како и секој оној што знае за неговиот живот, во рок од 3 месеци од објавувањето на огласот да се јави при овој суд, бидејќи по истекот на овој рок, исчезнатото лице ќе се прогласи за умрено.

Од Општинскиот суд во Гостивар, Р. бр. 257/75. (104)

# КОНКУРСИ

Советот на ООЗТ — Земјоделски оддел во работната организација Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за избор и реизбор на следните звања и предмети:

1. По еден наставник во звањето доцент по предметите:
— Хемија,
— Сметководство.
2. Реизбор во звањето асистент по предметот Биохемија.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите пропишани со Законот за високото образование на СРМ.

Пријавите се поднесуваат до Деканатот на РО Земјоделско-шумарскиот факултет — ООЗТ — Земјоделски оддел во Скопје.

Кон пријавата кандидатите треба да приложат диплома, куса биографија, потврда за регулирана воена обврска, список на стручни и научни трудови и по еден примерок од самите трудови.

Пријавата, кусата биографија и списокот на стручните и научните трудови се поднесуваат во четири примероци.

Рок за пријавување е 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Некомплетираните документи нема да се земат предвид при разгледувањето.

---

Собирот на Вишата земјоделска школа — Битола

распишува

**КОНКУРС**

за реизбор или избор на наставник во звање професор или предавач по предметот полјоделство за одредено време (еден семестар) и неполно работно време.

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите пропишани со Законот за високото школство („Службен весник на СРМ“ бр. 49/74) и со самоуправната спогодба за меѓусебните односи на работниците.

Кон пријавата кандидатите треба да приложат: диплома за високо земјоделско образование, куса биографија, список на стручните трудови, доказ за досегашното работно искуство, уверение дека не е под истрага или осуден и согласност за работа во друга организација.

Рок за поднесување пријави е 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Поблиски информации се добиваат во Школата.

---

Конкурсната комисија при Угостителско-хотелското претпријатие „Карши Бавча“ — Кратово

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место директор

Услови:

Дипломиран економист со над две години работно искуство;

Више економско образование со над 10 години работно искуство;

Средно економско образование со над 15 години работно искуство;

Висококвалификуван угостителски работник со над 15 години работно искуство;

Да поседува морално-политички и стручни квалитети.

Кандидатите треба да ги исполнуваат и условите согласно Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд.

Рок на пријавување е 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ — Скопје.

Комплетираните молби се доставуваат до Конкурсната комисија на Угостителско-хотелското претпријатие „Карши Бавча“ — Кратово. (124)

---

Советот на Специјалната ревматолошка болница „Катлановска Бања“ во Катлановска Бања — Скопско

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работното место:

РАБОТОВОДИТЕЛ НА КУЈНА — 1 работник

Кандидатот, покрај општите услови, треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— ВК-готвач со 3 години работно искуство или КВ-готвач со 5 години работно искуство.

Работникот се прима на работа на неодредено време.

Молбите со потребните документи се доставуваат до Конкурсната комисија. Некомплетираните документи нема да се земаат предвид.

Конкурсот трае 15 дена, сметано од денот на објавувањето. (125)

---

## ИСПРАВКА

Во конкурсот на Технолошко-металуршкиот факултет — Скопје, објавен во „Службен весник на СРМ“ бр. 25 од 11 јули 1975 година, на страна 463, во точката в) зборовите „за работа со неполно работно време“ да се бришат.

Од Технолошко-металуршкиот факултет — Скопје

Врз основа на Законот за Основното училиште и член 7 од Самоуправната спогодба за уредување на меѓусебните односи во здружениот труд, Советот на Основното училиште „Чеде Филипоски“ село Врапчиште, општина Гостивар

распишува

**ДОПОЛНИТЕЛЕН КОНКУРС**

за пополнување на работните места во учебната 1975/76 година

I. МАКЕДОНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК:

1. Еден наставник по француски јазик со дополнување на одредено време,
2. Еден наставник по одделенска настава во с. Дебреше на одредено време.

II. АЛБАНСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК:

3. Еден наставник по математика на неодредено време,
4. Два наставника по француски јазик на неодредено време,
5. Еден наставник по музичко воспитување на неодредено време,
6. Еден наставник по физичко воспитување на неодредено време,
7. Еден наставник по курс домаќинство со дополнување на одредено време,
8. Еден наставник по одделенска настава во с. Дебреше на одредено време.

III. ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК:

9. Еден наставник по математика на неодредено време,
10. Еден наставник по музичко воспитување на неодредено време,
11. Еден наставник по ОТО со дополнување на физика на одредено време,
12. Еден наставник по одделенска настава на неодредено време,
13. Еден наставник по одделенска настава на одредено време.

УСЛОВИ:

Кандидатите покрај општите услови предвидени според Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, треба да ги исполнуваат и следните посебни услови и тоа:

— наставниците по одделенска настава треба да имаат завршено педагошка академија — отсек за одделенска настава или учителска школа,

— наставниците по предметна настава треба да имаат завршено соодветна група за образование на наставници на: педагошка академија или виша школа, факултет, висока школа, а за музичко и физичко воспитување и домаќинство лице што завршило педагошка академија или соодветно средно училиште,

— да поседуваат морални и општествени квалитети за остварување на целите на образованието и воспитувањето.

Кон молбата, кандидатот треба да ги достави и следните документи:

— препис од дипломата за образованието,
— лекарско уверение,
— уверение за државјанство,
— извод на родените,
— уверение дека не е осудуван,
— уверение дека не е под истрага,
— работна карактеристика.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Молбите со некомплетирани документи нема да се земаат во предвид.

Личен доход според нормативните акти на училиштето.

Молбите со сите потребни документи се доставуваат преку Општинската заедница за вработување — Гостивар до Основното училиште „Чеде Филипоски“ село Врапчиште.

Советот на Болницата за нервни и душевни болести с. Бардовци — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на три работни места со неполно работно време и тоа:

1. Лекар специјалист-офталмолог — — — 1
2. Лекар специјалист-рендгенолог — — — 1
3. Виши рендген техничар — — — — — 1

Кандидатите со пријавата да приложат согласност од органот на управување на работната организација каде што се вработени со полно работно време дека им одобрува да работат со неполно работно време во друга работна организација и писмена изјава дека не работат дополнително во друга работна организација.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. (123)

---

ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

распишува

**КОНКУРС**

ЗА НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УРБАНИЗАМ, СТАНБЕНО-КОМУНАЛНИ ПРАШАЊА И ИМОТНИ-ПРАВНИ ОДНОСИ

УСЛОВИ: Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците, кандидатот треба да ги исполнува и овие посебни услови:

— да има завршено висока или виша стручна спрема од градежна, правна или економска струка и 5 години работно искуство.

Кандидатите се должни кон пријавата да приложат писмени докази дека ги исполнуваат предвидените услови.

Пријавите се поднесуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот, до Извршниот совет на СО Крива Паланка.

Личен доход според одредбите на Самоуправната спогодба.

Некомплетираните документи нема да се разгледуваат. (126)

---

**СОДРЖИНА**

Страна

339. Деловник на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија — — 497
340. Одлука за помилување на осудени лица 504
341. Решение за именување помошник на републичкиот секретар за економски односи со странство — — — — — — 505
342. Решение за именување помошник на секретарот на Секретаријатот за односи со странство на Извршниот совет — — — 505
343. Правилник за возачките дозволи, дозволата за возач на трактор и возачката потврда — — — — — — — — — 505
344. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 2 од 4 јуни 1975 година — — — 510

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах. 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев — Скопје**